# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров излегува по потреба | 30 Октомври 2026 година Скопје<br>Бр.12 Год. XXI |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

**Издавач:** Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.22
**Уредува:** Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за давање согласност на Годишен план за изменување на Годишниот план за вработување на Општина Ѓорче Петров за 2026 година .....стр.2
2. Одлука за прифаќање донација .....стр.4
3. Одлука за формирање Општински совет за превенција на детско престапнишво во Општина Ѓорче Петров – Скопје .....стр.6
4. Одлука за измена на распоред на средства на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2026 година .....стр.9
5. Одлука за утврдување на висината и начинот на плаќање на надоместокот за поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас, улиците со тротоари и другите јавни површини на територијата на Општина Ѓорче Петров .....стр.11

6. Одлука за давање согласност на ООУ„Тихомир Милошевски“ за инсталирање на уред од АЕК .....стр.17
7. Одлука за давање согласност на ООУ „Мирче Ацев“ за поставување вендинг машини .....стр.19
8. Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Ѓорче Петров за реализација на Проектот “Изградба на атмосферскаи фекална канализација за потребите на населбата во ДУП СЗ 03 (Ново Село) фаза I” .....стр.21
9. Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓуопштинска соработка меѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за реализација на активности и зафати за изградба, реконструкција, санација и/или асфалтирање на улици на територијата на Општина Ѓорче Петров .....стр.23

**Октомври 2026 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за давање согласност на Годишен план за изменување на Годишниот план за вработување на Општина Ѓорче Петров за 2026 година**

Се објавува одлуката за давање согласност на Годишен план за изменување на Годишниот план за вработување на Општина Ѓорче Петров за 2026 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Петнаесеттата седница на советот, одржана на ден 30.10.2026 година.

**Број 02-1758/1**
**од 04.11.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа член 36 и член 62 од Законот за локална („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 32 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), член 20а и 20б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 15-тата седница одржана на 30.10.2026 година, донесе:

## ОДЛУКА
## за давање согласност на Годишен план за изменување на Годишниот план за вработување на Општина Ѓорче Петров за 2026 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Годишениот план за изменување на Годишен план за вработување на Општина Ѓорче Петров за 2026 година, број 01-1690/1 од 21.10.2026 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-1697/2**
**од 30.10.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**

**За објавување на Одлука за** прифаќање донација

Се објавува одлуката за прифаќање донација од Јелена и Методија Мирчеви од Скопје која се состои од три јавни чешми за питка вода за јавни површини, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Петнаесеттата седница на советот, одржана на ден 30.10.2026 година.

**Број 02-1758/2**
**од 04.11.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и 62 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.05/2002 и Службен весник на РСМ бр.202/24), врз основа на член 4 став (1) и член 7 став (1) од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности "Сл.Весник на Република Македонија" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15") , член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" број 8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 15-тата седница одржана на 30.10.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за прифаќање донација**

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на општина Ѓорче Петров ја прифаќа донацијата од Јелена и Методија Мирчеви од Скопје, која се состои од три јавни чешми за питка вода за јавни површини во вкупен износ од 66.000,00 МКД со вклучен ДДВ, кои ќе бидат поставени на локации утврдени во координација со општината, согласно важечките технички и урбанистички условии и ќе бидат запишани во книговодствената евиденција на Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Донацијата не создава директна корист за давателот, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да склучи Договор за донација со донаторот од Член 1 на оваа Одлука.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 02-1697/3**
**од 30.10.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за формирање Општински совет за превенција на детско престапнишво во Општина Ѓорче Петров – Скопје**

Се објавува одлуката за формирање Општински совет за превенција на детско престапнишво во Општина Ѓорче Петров – Скопје, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Петнаесеттата седница на советот, одржана на ден 30.10.2026 година.

**Број 02-1758/3**
**од 04.11.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), член 181 и 182 од Законот за правда за деца (Сл. весник на Република Македонија бр.148/13 и Сл. весник на Р.С.М. бр. 152/2019, 275/2019 и 66/2024), член 16 став 1 точка 36 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 15-тата седницата, одржана на ден 30.10.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за формирање на Општински совет за превенција на детско престапнишво**

**Член 1**

Со одлуката се формира Општински совет за превенција на детско престапнишво во Општина Ѓорче Петров – Скопје.

**Член 2**

Општинскиот совет за превенција на детско престапништво е составен од 15 членови.

**Член 3**

За членови на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво, се именуваат:

1. Кристина Исаковска - полициски службеник од Министерство за внатрешни работи;
2. Тања Трајчевска - јавен обвинител при Основно јавно обвинителство Скопје;
3. Марија Ристеска - педагог од Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје;
4. Кристина Николов – претставник од Центар за помош на лица со ментален хендикеп „Порака " – Неготино;
5. Стефан Ѓиноски - претставник од НВО центар за младинска афирамација;
6. Катерина Сапунџиева Димова - претставник од СУГС „ Кочо Рацин";
7. Анета Митевска - претставник од ООУ те Мирче Ацев;
8. Даниела Стојановска - претставник од ООУ Ѓорче Петров;
9. Александар Петрески Чачалов - претставник од ООУ Страшо Пинџур;
10. Ламбе Крстевски - претставник од ООУ Јоаким Крчоски;
11. Кристина Георгиевска претставник од ООУ Димитар Беровски;
12. Христина Анчевска - претставник од ООУ Тихомир Милошевски ;
13. Александар Димитријевиќ - адвокат од Адвокатска комора на РСМ;
14. Игор Јуруков - Раководител на сектор за јавни дејности;
15. Данче Василевска Савеска - Советник за родова еднаквост и НВО .

**Член 4**

Членовите се именуваат за мандат со траење од пет години, со право на повторен избор.

**Член 5**

Општинскиот совет за превенција на детско престапништво:

- донесува годишна програма за својата работа што ја усвојува советот на општината,

- донесува деловодник за својата работа,
- врши работи за следење на состојбите и покренува иницијативи за нивното подобрување и
-развива програми за вклучување на локалната заедница во превенција на детското престапништво и третманот на деца сторители на дејствиа што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци.

**Член 6**

За својата работа Општинскиот совет за превенција на детско престапништво најмалку еднаш годишно го известува советот на Општина Ѓорче Петров и Државниот совет за превенција на детско престапништво.

**Член 7**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Ѓорче Петров”.

**Број 02-1697/4**
**од 30.10.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за измена на распоред на средства на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2026 година**

Се објавува одлуката за измена на распоред на средства на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2026 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Петнаесеттата седница на советот, одржана на ден 30.10.2026 година.

**Број 02-1758/4**
**од 04.11.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 47 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 203/22, 76/24, 272/24 и 258/25), член 6 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2026 година („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 18/25) и член 16 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 8/23), Советот на Општина Ѓорче Петров, на 15-тата седница, одржана на 30.10.2026 година, донесе:

## О Д Л У К А

за измена на распоред на средства на Буџетот на Општина Ѓорче Петров
за 2026 година во колона „Основен буџет“

### Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоред на средства во расходниот дел на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2026 година, во колоната „Основен буџет“, во вкупен износ од 154.400,00 денари, и тоа:

1. Се намалуваат расходите на следната потставка:

| Потпрограма |
|---|
| **Ј60 – Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќајот** |

| Потставка | Буџет | Самофинансирачки активности | дотации | донации | кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **424320 Одржување на автопати, улици и патишта** | -154.400,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |

2. Се распоредуваат на следната Потпрограма и потставка:

| Потпрограма |
|---|
| **ЈФ0 – Изградба на сообраќајна сигнализација** |

| Потставка | Буџет | Самофинансирачки активности | дотации | донации | кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **482120 Изградба на улици, патишта и автопати** | +154.400,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |

### Член 2

Одлуката влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-1697/5**
**од 30.10.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**

**За објавување на Одлука за утврдување на висината и начинот на плаќање на надоместокот за поставување на инсталации во трупот на патот во патниот и заштитниот појас улиците со тротоари и другите јавни површини на територијата на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува одлуката за утврдување на висината и начинот на плаќање на надоместокот за поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас, улиците со тротоари и другите јавни површини на територијата на Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Петнаесеттата седница на советот, одржана на ден 30.10.2026 година.

**Број 02-1758/5**
**од 04.11.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точки 1 и 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), член 62, во врска со член 55 став (1) точка 4 потточка в) и член 61 став (2) од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/2008, 52/2009, 114/2009, 39/2010, 124/2010, 23/2011, 53/2011, 44/2012, 168/2012, 163/2013, 187/2013, 39/2014, 42/2014, 166/2014, 44/2015, 116/2015, 150/2015, 31/2016, 71/2016 и 163/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/2021, 253/2023, 224/2024, 135/2025 и 269/2025) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 8/2023), советот на Општина Ѓорче Петров, на 15-тата седница, одржана на 30.10.2026 година, донесе

ОДЛУКА

**за утврдување на висината и начинот на плаќање на надоместокот за поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас, улиците со тротоари и другите јавни површини на територијата на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдуваат висината и начинот на плаќање на надоместокот за поставување подземни и надземни инсталации и обврските за враќање на оштетените јавни површини во првобитна состојба.

Одлуката се применува на општинските патишта и улици со тротоари, нивниот труп, патен и заштитен појас и другите јавни површини што се составен дел на овие патишта и улици, на територијата на Општина Ѓорче Петров и во нејзина законска надлежност.

Со оваа одлука не се утврдува надоместок за површини надвор од опфатот на член 55 став (1) точка 4 потточка в) од Законот за јавните патишта, ниту се преземаат надлежности на Град Скопје или на друг управувач на јавен пат.

**Член 2**

Барање за поставување инсталации до Општина Ѓорче Петров (во натамошниот текст: Општината) може да поднесе:

1. управувачот на инсталацијата, за електроенергетски и електронски комуникациски мрежи;
2. инвеститорот, за водоводни и канализациски приклучоци, во согласност со добиените хидротехнички услови;
3. управувачот на мрежата, за водоводни и канализациски мрежи;
4. друго правно или физичко лице, за инсталации за кои има право да поднесе барање во согласност со закон.

Во барањето се наведуваат локацијата и трасата, видот на инсталацијата, планираната должина на прекопот и видот на постојната подлога, а за надземните инсталации и нивниот број, местоположбата и реално зафатената површина на секоја поединечна надземна инсталација. Се приложува документацијата предвидена со применливите прописи.

Член 3

Поставувањето на инсталациите се врши по претходно издадено одобрение од надлежниот орган на Општината и во согласност со условите утврдени во одобрението, оваа одлука и закон. За секој поединечен зафат се издава посебно одобрение, по склучувањето на главниот договор од член 8 на оваа одлука.

Општината постапува по комплетното барање, извршува увид на лице место и, по исполнувањето на условите и уплатата на средствата што се должат во согласност со оваа одлука, издава одобрение најдоцна во рок од осум дена од исполнувањето на овие услови, освен ако со закон е определено поинаку.

Одобрение не се издава ако со поставувањето би се оштетил патот, би се загрозила безбедноста на сообраќајот, битно би се влијаело на одржувањето на патот или би се оневозможила неговата реконструкција. Во постапката може да се разгледа најблиска соодветна алтернативна траса, во согласност со закон и соодветната документација.

Одобрението не ги заменува другите одобренија, согласности или права што се потребни во согласност со закон.

Член 4

Надоместокот за поставување подземни инсталации со изведување прекоп изнесува 950,00 денари за еден должен метар прекоп, без пресметување данок на додадена вредност.

Надоместокот се пресметува со множење на должината на прекопот во метри со износот од став 1 на овој член. Единечниот надоместок е ист за сите видови подлога, вклучувајќи асфалт, земја, бетонски елементи за поплочување (бекатон), бетон и друга подлога.

Износот од став 1 на овој член претставува единечен надоместок. Не се применуваат процент од нормирани градежни цени, поделба на прекопите на типови или намалување на единечниот надоместок според должината на прекопот.

Ослободувањата од член 7 на оваа одлука се применуваат под условите утврдени во тој член.

Член 5

За поставување надземни инсталации се плаќа еднократен надоместок од 9.800,00 денари за еден пресметковен квадратен метар зафатена јавна површина. Пресметковната површина се утврдува во согласност со член 6 на оваа одлука.

Надземни инсталации, во смисла на оваа одлука, се столбови, инфраструктурни ормари и други надземни инфраструктурни објекти, опрема и уреди што служат за функционирање на инфраструктурни мрежи и зафаќаат јавна површина.

Надоместокот се пресметува по пресметковен квадратен метар, посебно за секоја поединечна надземна инсталација, со ист единечен надоместок за целата територија опфатена со оваа одлука. Со оваа одлука не се воведува годишен или друг периодичен надоместок.

Член 6

Реално зафатената површина е површината на јавниот простор што физички ја зафаќа секоја поединечна надземна инсталација со својата основа и постамент. Таа се утврдува според документацијата и премерот на лице место и се изразува во квадратни метри.

Пресметковната површина се утврдува со заокружување на реално зафатената површина на најблизок цел квадратен метар: децималниот дел помал од 0,50 се заокружува надолу, а децималниот дел еднаков или поголем од 0,50 се заокружува нагоре.

Минималната пресметковна површина изнесува 1 м$^2$ за секоја поединечна надземна инсталација. Заокружувањето и минималната површина се применуваат поединечно, пред собирањето на пресметковните површини.

Во пресметката одделно се прикажуваат реално зафатената и пресметковната површина за секоја поединечна надземна инсталација.

Член 7

Од плаќање на надоместокот за поставување инсталации се ослободува ЈП „Водовод и канализација“ - Скопје. Останатите одредби за поднесување барање, одобрение, безбедност и враќање на површината во првобитна состојба се применуваат во целост.

Управувачот на инсталациите се ослободува од плаќање на надоместокот за линиски инфраструктурен проект на делот од трасата што се совпаѓа со улица предвидена за изградба или реконструкција во годишната програма на Општината, ако изведувањето е усогласено со динамиката на општинските работи.

Совпаѓањето на трасата и усогласеноста на динамиката се утврдуваат при увидот и се наведуваат во посебното одобрение за конкретниот зафат, во согласност со главниот договор. Ако управувачот започне со работите пред општинската изградба или реконструкција, должен е да ја врати површината во првобитна состојба во согласност со член 10 на оваа одлука.

Ослободувањето се однесува на надоместокот за поставување инсталации и не претставува ослободување од обврските за безбедност и санација.

Член 8

Пред издавањето на поединечните одобренија, Општината склучува еден главен договор со изведувачот, односно со изведувачите на зафатите. Со главниот договор се уредуваат општите услови и обврски за изведување, плаќање на надоместокот, санација и конечна пресметка, во согласност со оваа одлука и закон.

Кога барателот од член 2 на оваа одлука не е изведувач, и тој учествува како договорна страна за обврските што се однесуваат на него. Главниот договор го потпишуваат договорните страни.

За секој поединечен зафат се поднесува посебно барање и Општината изготвува посебна пресметка на надоместокот врз основа на документацијата и увидот на лице место. Ако постои ослободување од член 7 на оваа одлука, во пресметката се наведуваат основот и опфатот на ослободувањето. За поединечните зафати опфатени со главниот договор не се склучуваат посебни договори.

По склучувањето на главниот договор, исполнувањето на условите за конкретниот зафат и уплатата на надоместокот што се должи според посебната пресметка, надлежниот орган на Општината издава посебно одобрение за тој зафат.

Пресметката е составен дел на одобрението. Главниот договор не го заменува посебното одобрение.

Средствата од надоместокот се приход на Општината и се користат за намените утврдени во член 61 став (2) од Законот за јавните патишта.

Член 9

Барателот, односно управувачот на инсталациите, е должен пред започнувањето на работите да ги извести Општината и надлежната инспекциска служба заради увид и следење на исполнувањето на условите од одобрението и на усогласеноста со општинските работи.

За време на изведувањето се преземаат сите потребни мерки за безбедност на сообраќајот и пешаците, вклучувајќи поставување заштитни огради и пропишана сообраќајна сигнализација и обележување на местото на изведување, во согласност со одобрението и применливите прописи.

Член 10

Барателот, односно управувачот на инсталациите, е должен на свој трошок да ги санира прекопите и сите оштетувања на јавната површина настанати при изведувањето и да ја врати површината во првобитна состојба најдоцна во рок од 15 дена од денот на завршувањето на градежно-земјените работи.

Површината се обновува со истиот вид подлога како претходната, односно со асфалт, земја, бетонски елементи за поплочување (бекатон), бетон или друга подлога, со соодветен квалитет и функционалност, во согласност со условите од одобрението.

За датумот на завршување на градежно-земјените работи и за извршеното враќање на површината во првобитна состојба се доставуваат писмени известувања до Општината.

Плаќањето на надоместокот не ја заменува обврската за санација.

Член 11

По завршувањето на работите се врши увид и се изготвува конечна пресметка врз основа на завршната ситуација, кога таа е предвидена, и на записникот на комисијата од член 12 на оваа одлука.

Во записникот се утврдуваат фактичката должина на прекопот, реално зафатената површина на секоја надземна инсталација, состојбата на подлогата и датумите на завршување на градежно-земјените работи и на санацијата.

Пресметковната површина се утврдува во согласност со член 6 на оваа одлука.

Конечниот надоместок се усогласува со фактичките количини. За разликата се изготвува соодветна пресметковна и сметководствена исправа за доплата или за враќање на повеќе уплатените средства.

Член 12

Увидите, премерот и записничкото утврдување на состојбата за потребите на оваа одлука ги врши стручна комисија определена од надлежниот орган на Општината, со учество на службени лица надлежни за комунални работи и патишта.

Комисијата ги утврдува фактичката состојба, количините и потребните работи за санација. Со оваа одлука не ѝ се пренесуваат инспекциски овластувања, ниту овластувања за издавање одобрение за употреба или за вршење технички преглед што со закон се доверени на други лица.

Евентуалната штета на патот и објектите на патот се утврдува и надоместува во согласност со закон, одделно од надоместокот за поставување инсталации. За ист трошок за санација не се врши двојно намирување.

Член 13

Постапките по барања поднесени пред денот на влегувањето во сила на оваа одлука се довршуваат во согласност со одредбите што важеле на денот на нивното поднесување, доколку со закон не е определено поинаку.

Одобренијата издадени и договорите склучени пред денот на влегувањето во сила на оваа одлука продолжуваат да се извршуваат во согласност со условите утврдени во нив и прописите врз основа на кои се издадени, односно склучени.

Новите износи на надоместоците и правилото за заокружување не се применуваат ретроактивно на случаите од ставовите 1 и 2 на овој член.

Член 14

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на цената и начинот на плаќање на надоместокот за поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас, улиците со тротоари и другите јавни површини на територија на Општина Ѓорче Петров, број 08-550/5 од 19.02.2019 година („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 2/2019), со примена на преодните одредби од член 13 на оваа одлука.

Член 15

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Ѓорче Петров”.

**Број 02-1697/6**
**од 30.10.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за давање согласност на ООУ„Тихомир Милошевски“ за инсталирање на уред од АЕК**

Се објавува одлуката за давање согласност на ООУ„Тихомир Милошевски“ за инсталирање на уред од АЕК, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Петнаесеттата седница на советот, одржана на ден 30.10.2026 година.

**Број 02-1758/6**
**од 04.11.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ“ бр.05/2002 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 158 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република С. Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/2025, 74/2025, 250/2025 и 111/2026) , член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 15-тата седница одржана на 30.10.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на ООУ„Тихомир Милошевски“-Скопје, Општина Ѓорче Петров за инсталирање на уред од Агенцијата за електронски комуникации**

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на Општина Ѓорче Петров, дава согласност на Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) за инсталирање на уред ТДОА во ООУ„Тихомир Милошевски“- Скопје, ул.1 бр.62 с.Ново село, Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Месечниот надоместок за инсталиран уред ќе изнесува 6.000,00 денари, согласно Анекс број 2 бр.04-184 од 30.06.2025 година, кон договорот 1404-2802/64 од 06.12.2013 година, склучен помеѓу двете страни од Член 1 на оваа Одлука и одлуката на управниот одбор за одобрување на примање месечен насомест за тип на сметка „787“, број 02-164/3 од 15.07.2026 година.

**Член 3**

Средствата од месечниот надоместок ќе се користат за унапредување на воспитно-образовниот процес.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-1697/7**
**од 30.10.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за давање согласност на ООУ „Мирче Ацев“ за поставување вендинг машини**

Се објавува одлуката за давање согласност на ООУ „Мирче Ацев“ за поставување на 3 (три) вендинг машини, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Петнаесеттата седница на советот, одржана на ден 30.10.2026 година.

**Број 02-1758/7**
**од 04.11.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ“ бр.05/2002 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 158 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република С. Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/2025, 74/2025, 250/2025 и 111/2026) , член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 15-тата седница одржана на 30.10.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на ООУ„Мирче Ацев“-Скопје,**
**Општина Ѓорче Петров за поставување на вендинг машини**

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на Општина Ѓорче Петров, дава согласност на ООУ„Мирче Ацев“- Скопје, ул.Мечкин Камен б.б., Ѓорче Петров, Општина Ѓорче Петров, обезбеди училишен простор за поставување на вкупно 3 (три) вендинг машини, од кои 2 (два) кафеавтомати и 1 (еден) апарат за кондиторски производи, од страна на ДТУ Интерфуд ДООЕЛ Скопје.

**Член 2**

Месечниот надоместок за поставените вендинг машини изнесува вкупно 2.500,00 денари за трите вендинг машини, согласно Договор бр. 0307-459/01 од 02.09.2026 година, склучен помеѓу двете страни од Член 1 на оваа Одлука и одлуката на управниот одбор, број 02-645/9 од 30.07.2026 година, а ќе се уплаќаат на самофинансирачката сметка на училиштето.

**Член 3**

Средствата од месечниот надоместок ќе се користат за унапредување на воспитно-образовниот процес.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-1697/8**
**од 30.10.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Ѓорче Петров за реализација на Проектот "Изградба на атмосферскаи фекална канализација за потребите на населбата во ДУП СЗ 03 (Ново Село) фаза I"**

Се објавува одлуката за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Ѓорче Петров за реализација на Проектот "Изградба на атмосферскаи фекална канализација за потребите на населбата во ДУП СЗ 03 (Ново Село) фаза I", што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Петнаесеттата седница на советот, одржана на ден 30.10.2026 година.

**Број 02-1758/8**
**од 04.11.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ’ бр.05/2002) и член 16 став 1 точка 237 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст ((„Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и согласно со Договорот за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Проект: „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“, советот на Општина Ѓорче Петров на седницата одржана на ден 30.10.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Ѓорче Петров за реализација на Проектот “Изградба на атмосферска и фекална канализација за потребите на населбата во ДУП СЗ 03 (Ново Село) фаза I”**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров дава согласност за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Ѓорче Петров во реализација на Проектот -“Изградба на атмосферска и фекална канализација за потребите на населбата во ДУП СЗ 03 (Ново Село) фаза I”- Општина Ѓорче Петров доколку се јави потреба за истите.

**Член 2**

Општина Ѓорче Петров ќе учествува со вкупен износ кој ќе преставува разликата помеѓу доделените средства кои Општина Ѓорче Петров ги има добиено, согласно Одлуката на Влада на Република Северна Македонија за распределба на сревствата согласно Договорот за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Проект: „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“ на Проектот - “Изградба на атмосферска и фекална канализација за потребите на населбата во ДУП СЗ 03 (Ново Село) фаза I”-општина Ѓорче Петров, а кој износ ќе биде утврден по заршување на постапката за јавна набавка и склучување на договор.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа Одлука ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров, Програма G 10-464-Разни трансфери, 464990-Други трансфери.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето “Службен гласник на Општина Ѓорче Петров”

**Број 02-1697/9**
**од 30.10.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**

**За објавување на Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за реализација на активности и зафати за изградба, реконструкција, санација и/или асфалтирање на улици на територијата на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за реализација на активности и зафати за изградба, реконструкција, санација и/или асфалтирање на улици на територијата на Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Петнаесеттата седница на советот, одржана на ден 30.10.2026 година.

**Број 02-1758/9**
**од 04.11.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36, а во врска со член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 4 и член 30 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 241/24), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров–пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“, бр. 8/2023), советот на Општина Ѓорче Петров на -та седница одржана на 30.10.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за реализација на активности и зафати за изградба, реконструкција, санација и/или асфалтирање на улици на територијата на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка меѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје, заради остварување на заеднички интереси и цели, преку реализација на изградба, реконструкција, санација и/или асфалтирање на улици на територијата на Општина Ѓорче Петров.

Предмет на меѓуопштинската соработка се улиците коишто имаат приоритетно значење за јавниот интерес на граѓаните, жители на Општина Ѓорче Петров.

Меѓуопштинската соработка се воспоставува заради поефикасна реализација на наведените инфраструктурни активности и зафати и подобрување на условите за одвивање на сообраќајот и пристапноста на жителите на Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Проценетата вкупна вредност за реализација на активностите и зафатите од член 1 на оваа Одлука изнесува 18.000.000,00 (осумнаесет милиони) со вклучен ДДВ.

Град Скопје во остварувањето на оваа меѓуопштинска соработка ќе учествува со финансиски средства во висина од 12.000.000,00 (дванаесет милиони) денари, со вклучен ДДВ, обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2026 година.

Општина Ѓорче Петров во остварувањето на оваа меѓуопштинска соработка ќе учествува со финансиски средства во висина од 6.000.000,00 (шест милиони) денари, со вклучен ДДВ, обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2026 година, а предвидени со Програмата за урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2026 година, бр. 02-2943/22 од 24.12.2025 година („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“, бр. 18/2025).

Средствата од ставовите 2 и 3 на овој член ќе се користат исклучиво за реализација на намената утврдена со член 1 од оваа Одлука, согласно важечките прописи.

**Член 3**

За реализација на оваа Одлука се овластува градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да склучи договор за меѓуопштинска соработка со градоначалникот на Град Скопје, со којшто поблиску ќе се уредат меѓусебните права и обврски на страните, начинот на обезбедување и користење на средствата, начинот на реализација на активностите и зафатите и другите прашања од значење за спроведувањето на соработката.

Договорот од став 1 на овој член се склучува согласно Законот за меѓуопштинска соработка и другите важечки прописи.

**Член 4**

Со договорот за меѓуопштинска соработка од член 3 од оваа Одлука, поблиску ќе се уредат меѓусебните права и обврски на страните, начинот на обезбедување и користење на средствата, начинот на реализација на активностите и зафатите и другите прашања од значење за спроведувањето на соработката.

Договорот се склучува согласно член 30 од Законот за меѓуопштинска соработка и другите важечки прописи, а во него потребно е да бидат содржани одредби за:

- називот на општините кои здружуваат средства и ресурси,
- видот и висината на средствата коишто се здружуваат,
- намената на средствата коишто се здружуваат,
- начинот на располагање и управување со средствата,
- начинот на распределба на придобивките и ризикот,
- условите и постапката за престанок на договорот и
- други прашања.

**Член 5**

Начинот на спроведување на постапките за реализација на активностите и зафатите, вклучително и определувањето на инвеститорот, договорниот орган, спроведувањето на постапките за јавни набавки, склучувањето на договорите со изведувачите, стручниот надзор и плаќањето на извршените работи, ќе се уреди со договорот од член 3 на оваа Одлука, во согласност со важечките прописи.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-1697/10**
**од 30.10.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**